РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1550/4
12-09-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1550/1 од 15.05.2025 година, оформен по пријава против --------------- ---------, директор на Агенцијата за ----------- ------------- во ------------ - -------------------- ------------------- на РСМ, со наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за унапредување на лицето -------------- ------------- ---------, административен службеник во Агенцијата за ----------- ------------- во ------------ - -------------------- ------------------- на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите во доставената пријава поради што нема основ за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1550/1 од 15.05.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 15.05.2025 година од страна на непознат подносител е доставена пријава против лицето -------------- ---------, директор на Агенцијата за ----------- ------------- во ------------ - -------------------- ------------------- на РСМ во која се изнесени сомневања за незаконитости на спроведена постапка за унапредување на лицето --------------- ------------- ---------, административен службеник во Агенцијата за ----------- ------------- во ------------ - -------------------- ------------------- на РСМ, врз основа на која е оформен предмет број 12-1550/1 од 15.05.2025 година. Во пријавата се посочува дека наведеното лице било унапредено спротивно на Законот за административни службеници.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија постапувајќи по предметот, побара од Државниот управен инспекторат во рамките на своите законски надлежности да изврши контрола на спроведената постапка за унапредување на административниот службеник во Агенцијата за ------------ -------------- во ------------ - --------------------- -------------------- на РСМ и за исходот да ја извести Државната комисија, со достава на прилог документација.

Државниот управен инспекторат постапи по барањето и до Државната комисија достави Записник за преземени дејствија при извршен вонреден инспекциски надзор во поглед на примената на одредбите од Законот за административни службеници број ИП1 БР.10-940 од 10.07.2025 година, во кој е наведено дека по извршен увид во прибавените докази е утврдено дека постапката по објавениот јавен оглас е спроведена согласно со одредбите од Законот за административни службеници и дека не се утврдени неправилности кај субјектот на надзорот. Работното место било предвидено со акт за систематизација и за истото биле добиени позитивни мислења за вработување од надлежните органи, по што инспекциската постапка ИП1 бр.10-940од 2025 година за вработување по предметниот јавен оглас била запрена.

Државната комисија врз основа на доставениот Записник за извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот управен инспекторат во кој е констатирано дека постапката за вработување на 1 еден административен службеник во Агенцијата ------------ -------------- во ------------ - --------------------- -------------------- на РСМ преку јавен оглас бр.109/2025 е водена согласно со Законот за административни службеници, утврди дека не се потврдуваат наводите во доставената пријава, поради што согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р С.С.М., член на ДКСК